

Децентрализацијата е комплексен процес тесно поврзан со напорите на Република Македонија за интеграција во Европа и со крајна цел подобрување на услугите за граѓаните кое ќе води кон подобрување на животниот стандард.

Модерната локална самоуправа од европски тип бара умешност и компетентно управување во општините. Прифаќањето на новите стандарди и вредности во функционирањето на локалната самоуправа, новата организациска култура, зајакнати капацитетите на луѓето во администрацијата преку унапредување на знаењата и вештините е чекор кон ефикасно и ефктивно задоволување на потребите и интересите на граѓаните.

Професионализацијата на локалната самуправа преку стекнување на нови знаења и вештини е императив за успешно спроведување на децентрализацијата и ефикасноста на локалната самоуправа. Оттука институционалниот и управувачкиот капацитет е еден од најважните фактори во обезбедување долгорочен и одржлив развој на заедниците.

Зајакнувањето на институционалниот и управувачкиот капацитет на општините преку инвестиција во човечкиот развој е предуслов за ефективна и ефикасна локална самоуправа спремна да одговори на потребите и барањата на своите граѓани во брзо и навремено решавање на проблемите во заедниците.

Општа цел на проектот беше подобрени услуги за граѓаните во заедниците.

Цел на проектот беше подобрени организациски и институционални капацитети на руралните и други мали заедници за развојни иницијативи.

Целна група на проектот беа граѓаните од општините: Долнени, Могила, Карбинци, Лозово, Старо Нагоричане, Сарај, Јегуновце, Велес и Прилеп. Целното подрачје ги опфати наведените девет општини.

Постигнати резултати на проектот се: развиени знаења и вештини за пристап и управување со фондови и зајакнати човечки ресурси во локалните самоуправи за управување и раководење.

Со проектот беа спроведени четири обуки и една работилница: Обука за подготовка на проекти за ИПА, Обука за пристап до донатори и изработка на апликации, Обука за раководење со човечки ресурси, Обука за тимска работа и раководење со тим, и работилница за идентификација на приоритетите на заедниците во програмата ЛРЗ. Сите обуки се реализираа во согласнот со планираното. Дел од општините опфатени со проектот не учествуваа на некои од обуките и работилницата. Од 98 планирани учесници на обуките и работилницата учествуваа 75 учесници, од кои 45 беа мажи а 30 жени.

Временскиот период на спроведување на проектот беше од 23 мај до 17 декември 2007 година. Директни трошоци на проектот изнесуваат 655,934.50 МКД. Сите средства се обезбедени од ЕЕД од Германија ( www.eed.de ).